Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
СУ.бр.26/23
17.01.2023 год.
ШТИП

Претседателот на ОС Штип, согласно чл.92 ст.1 од Законот за судовите, Судскиот деловник, Законот за Судскиот совет и Законот за судска служба, на ден 17.01.2023 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За работа на Основниот суд Штип за 2023 година

1. Основниот суд Штип согласно со чл.31 од Законот за судовите како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност својата надлежност ќе ја остварува одлучувајќи во постапки пропишани со Закон:
   -за правата на човекот и граѓанинот и правно заснованите интереси,
   -за споровите меѓу граѓаните и други правни субјекти,
   -за кривични дела и прекршоци и
   -за други работи што со Закон се ставени во надлежност на судот.

2. Претседателот на судот го претставува судот, и заедно и со помош на судскиот администратор ќе ја организира работата и ќе се превземаат мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот, за вршење на стручните и административно – техничките работи на судот, работата од судската управа и за спроведување на Судскиот деловник.

3. Основниот суд во Штип функционира во два оддели, како организациони единици и тоа: кривичен и граѓански.

4. Редовно да се одржуваат седници на Работното тело, судии и колегиуми на оддели, на кои да се разгледува работата, проблемите и судската пракса заради воедначување, вклучително и праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. На истите, кога е потребно, да учествуваат и стручните соработници и други стручни лица. Истите да се спроведуваат и по електронски пат со видео конференциска врска кога тоа е потребно.

5. Согласно Правилникот за организација и систематизација на работни места во Основниот суд во Штип кој е во согласност со одредбите од

Законот за судска служба, ќе се бара од надлежните органи упразнетите и непотполнети работни места да се потполнат во текот на годината.

6. Предметите да се земаат во работа по редослед на заведување и прием, со тоа што приоритет да имаат итните предмети. Да се даде приоритет и на решавањето на старите предмети, а согласно акционен план донесен од претседателот ќе се предвиди и доставување на периодични извештаи од судиите за причините заради кои трае подолго постапката, како и план на судијата согласно кој ќе се надмине таквата состојба и заврши постапката. Да се подобри квалитетот по однос на укинати предмети.

7. Евиденцијата на судските предмети и списи се води единствено електронски во Автоматизираниот компјутерски систем за водење на судски предмети – АКМИС согласно измените и дополнувањата на судскиот деловник донесен од Министерот за правда.

8. Да се врши анонимизација на одлуките согласно Правилникот за анонимизација на судските одлуки и упатството за анонимизација на судските одлуки и Законот за управување со движењето на предметите во судовите. Донесените одлуки судот е должен во законски рок од денот на изготвувањето и потпишувањето да ги објави на интернет страницата на судот на начин утврден со закон.

9. Судиите, стручно административниот кадар и сите вработени во Основниот суд во Штип коректно и љубезно да се однесуваат со странките и другите учесници во постапките и да го чуваат угледот на судот и судството. Претставките и поплаките од странките и другите учесници во постапките, со посебно внимание ќе се разгледуваат од Претседателот на судот и доколку се утврди дека се основани ќе се известат надлежните органи или ќе се покрене постапка согласно Законот за судовите.

10. Судиите, стручно – административниот кадар и сите вработени во Основниот суд во Штип се должни да го чуваат и грижливо да ракуваат со инвентарот, канцеларискиот и другиот материјал штедливо и домаќински да се употребува и да го применуваат кодексот за судска етика и кодексот на етиката на вработените во судската служба.

11. Да се подобрува транспарентноста и отчетноста преку зголемена активност и пристапност на судската интернет страница, средби со медиумите, известувања и презентација на извештаи, како и преку учество во јавни и стручни форуми од страна на судиите, пред се. Да се зголеми и подобри содржината на интернет страницата и да се зголеми видливоста на истата со истакнување на видни места на адресите на страницата и електронската пошта на судот. Да се остваруваат Отворени денови и средби со граѓаните и одржуваат едукативни средби со ученици и студенти.

12. Судиите, стручно – административниот кадар и сите вработени во судот се должни да го почитуваат работното време (од 07,30 до 15,30 часот) и времето за пауза (од 11,00 до 11,30 часот, односно како што дозволува работниот процес), да ја одржуваат дисциплината и меѓу себе да се почитуваат. Со редовна проверка на евиденцијата за редовност и навременост ќе се контролира истото, а ќе се укажува и превземаат мерки согласно закон за непочитување на редовноста и навременоста. Секој вработен е должен да го оправда секое свое напуштање на работното место вон горе наведениот период кај одговорно лице.

13. Да се почитуваат сите мерки и препораки за заштита на здравјето и безбедноста на сите, по потреба да се изготват потребни планови и донесат соодветни одлуки за подобрување на безбедноста при работа.

14. Да се направат напори и превземат дејствија кон целосна дигитализација на работните процеси во судот, како и приоритетно да се користи електронската достава.

15. Да се превземат дејствија за редовно одржување и обновување на судските простории, вклучително и одделението во Пробиштип, а во таа насока да се заокружи процесот и постапката на опремување и пуштање во функција на нова судница во судот (покрај постојните 3).

16. Да се овозможи и предаде во функција просторија во судот која ќе се користи од страна на адвокатите за нивни потреби, ова да биде сторено во соработка со АКРСМ.

17. Да се реализира целосно и соодветно опремување и адаптирање на просторијата за сервери, согласно закон и прописи.

18. Да се работи на презентација на судот со изготвување на визуелен идентитет, фотографии на судот, судии и вработени, изработка на визит-карти, како и по можност изготвување на монографија за судот.

За реализација на оваа Програма, одговорни се Претседателот, судиите на Судскиот администратор, стручните соработници и сите вработени во ОС Штип.

Република Северна Македонија Основен суд Штип

Претседател на ОС Штип,
Ѓорѓи Андонов

- Да се достави на запознавање до сите вработени (каде е можно преку е-маил)